ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 09-9738
07. 08. 2025
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

# О Д Л У К А

1. За извршител на работното место **Раководител на Одделение за организација на седници на Советот на Град Скопје**, со шифра УПР0101Б04000, Одделение за организација на седници на Советот на Град Скопје, Сектор за поддршка на Советот на Град Скопје по јавен оглас бр.687/2025, се избира кандидатот **Емилија Гичева.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 03.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха" и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 687/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје на горенаведеното работно место.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1638/3 од 11.07.2025 година и Решение за изменување и дополнувањето на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со број 10-1638/6 од 04.08.2025 година ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас бр.687/2025 со којшто му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место Раководител на Одделение за организација на седници на Советот на Град Скопје, со шифра УПР0101Б04000, Одделение за организација на седници на Советот на Град Скопје, Сектор за поддршка на Советот на Град Скопје, да го избере кандидатот Емилија Гичева.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT-SHKUP